

katalog4.indd 1 10/29/2015 6:44:52 AM






*сл. 1. разбој*

# Ткаеници

Ткаениците се еден дел од богатото народно творештво, создавано од вредните раце на нашите баби, мајки и девојки кои долго време во зимските денови седеле и ткаеле на хоризонталниот разбој. Во зависност од суровината со која располагале, од потребите кои ги имале и предметите кои ги изработувале, ткаеле со волна, памук, свила и козина. Најпрво биле ткаени облековни елементи а потоа разновидни покривки и килими, за подоцна да почнат да се изработуваат ткаеници со вметнувани украси и шари претежно за чеиз (мираз) на девојките и за украсување на домот. Како технолошки процес, ткаењето на овие простори било застапено сé до 50-те години на дваесеттиот век и се сметало за многу важна, сложена и макотрпна женска работа.

Изложбата "Ткаеници" се презентира за првпат, со материјал кој повеќе од 60 години се прибирал и грижливо се чувал во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј во Штип. Со изложувањето на дел од материјалната култура и народното творештво на жените од Овче Поле (Штипско, Светиниколско) Малешево и Пијанец (Беровско, Делчевско), се надевам барем за миг да се вратат сеќавањата кај постарата генерација, додека кај помладите да се појави интерес да не се заборави овој вид на културно наследство.

На изложбата ќе бидат презентирани додатоци кон народната носија (торби, пешкири-скутини, појаси, крпи-бришалки) и волнени предмети како составен дел на инвентарот за опремување на домот (перници, ирами, килими). Овие предмети датираат од крајот на деветнаесетиот и првата половина на дваесеттиот век.

katalog4.indd 2-3
10/29/2015 6:45:04 AM

# Подготовка на волната

Како и во останатите краеви во Македонија, така и во Овчеполието, штипско Малешевијата и Пијанечко основна суровина за изработка на ткаениците била волната. Процесот на обработка започнувал со стрижењето на овците, обично по празникот ѓурѓовден.

Стрижењето била машка работа а се извршувала со специјални ножици крклизи. Волната била со различна должина на влакното-покуса (нефелна) која била оставана за јаток-ваток, додека подолгата (власна) се користела за основа, па, според тоа каков бил нејзиниот квалитет, се одредувало за каков вид ткаенина ќе се употреби.

Волната најпрво се киснела во вода, потоа се попарувала со топла вода за да се исчисти поубаво. По перењето, таа се постилала по плетовите за да се исуши на сонце. Откако ќе се исуши се развлекувала на рака со цел да се исчисти уште поубаво, и оваа работа во процесот на обработка на волната се сметала за лесна.

Влачењето на волната се извршувало рачно на гребенци или се носела на влачар каде на машина се намотувала во кадела. Каделата понатаму се предела на фурка и вретено. Со левата рака се тегнел пласт од волната од фурката, се усукувал меѓу прстите правејќи конец а со десната рака конецот се замотувал на вретеното. Готовото испредено од вретеното се премотувало на мотовилки (елемки). Вака приготвеното предено било носено на боење и перење.



*сл. 2. стрижење на овци*



*сл. 3. ножица за стрижење на овци*





*вретено*



*совалка*



*фурка*



*мотовилка*



*гребенци*

***Вретено*** - изработено од дрво, долго 30 см.кон средината задебелено а на краевите потенко, на долниот крај се става пршлен за да има тежина за да може конецот да се намота поубаво.

***Совалка*** - дрво во форма на око со издлабен среден дел во кој се става цевка на која е намотан јатокот.

***Фурка*** - се состои од два дела-тело (долгнавест дел околу 70 см) и горен дел (кој има форма на крст или круг).

***Мотовилка*** - дрвена алатка со валчеста форма со висина околу 100 см. која на горниот крај завршува со чаталче а на долниот крај има заковано штица.

***Гребенци*** - дрвени квадратни плочи на едниот крај со рачка. Од внатрешната страна прикачени се тенки метални прачки со висина 3-4 см. Со нив се чешла волната со движење на рацете во спротивен правец.



katalog4.indd 4-5
10/29/2015 6:45:23 AM

# Боење на волната

Боењето на волната во минатото се вршело само со природни средства а подоцна со развојот на индустријата почнале да се користат и анилински (мелени) бои. Но, дури и при користењето на анилинските бои се користеле природни киселини-комиње, слаба ракија-опашина, расолница, оцет а најчесто аргас (се добивал со варење гранки, лисја и плодови од некои дрва). Ваквите природни средства се користеле заради постојаноста на боите.

***Црната*** боја ја добивале со варење на лушпи од јасен (Praxinus excelsior) и ела (Abies).

***Зелената*** се добивала со варење на цвет од млечка (Euphobia).

***Сината*** се добивала со водата од попарената волна на која, за да се засили бојата, се додавала сина анилинска боја.

***Кафената*** се добивала со варење на лушпи од орев (Juglans regia) или се ставала во комиње.

***Жолтата*** ја добивале со ставање на волната во раствор од вар и боја или цвет од невен (Calendula officinalis) и син камен.

***Црвената*** се добивала со варење на броќ (Ruba tinctorium), лист од дуња (Cudonia oblonga) и троскот (Agropurum repens).

Од листот од праска, домат или пипер ја добивале ***зејтинлија*** бојата - вид на зелена.

И боењето на памучното платно се вршело на ист начин како и волната но, пократко време, околу десет до петнаесет минути, бидејќи ако се вари подолго, памукот можел да изгори. Подоцна, во дваесеттите години на 20 век со појавата на бојаџиството како занает и со појавата на анилинските (индустриски) бои, овој традиционален начин на бојадисување почнал да изчезнува. За разлика од боењето, белењето како технолошки процес, секогаш се изведувало на веќе исткаеното платно. Тоа природно имало жолтеникаво-кафеава боја со што изгледало како да е нечисто. Затоа, платното се ставало во растопен овчји измет. Така откиснатото платно кое стоело два-три дена во растворот, се вадело на сонце околу триесетина минути и се удирало со пиралка. Ваквата постапка се повторувала уште два- три дена при што се водела посебна грижа да биде постојано мокро за да не добие црвеникава боја.



*сл. 4. боење на волна*



# Подготовка за ткаење

Сновењето, навивањето и вденувањето биле најважни во процесот на изработката на ткаениците. Затоа, овие работи секогаш ги изведувале повешти и поупатени жени, надвор на широк простор и тоа најчесто во дворот или на гумното. Пред да започне да снови и навива, жената морала да испланира за што ќе го користи исткаеното платно и колку килограми волна е потребно(пр: за две јамболии било потребно 3 кг.основа). Се сновело на три древни колчиња кои биле забивани во земјата околу 50 см. во висина и околу 20 см. оддалечени едни од други. На овој начин се правел зевот (вкрстување на конците), со кој пак се разделувале нитките за да може да се протне јатокот.

Овој процес на сновење се одвивал на двете колчиња, додека на третото, кое било поставено на поголемо ра-стојание, се одредувала должината на ткаенината. Во навивањето, како следен процес, основата ја мотале на задното кросно. Основата била рамномерно распределена и врзана за тенко стапче кое го вметнувале во жлебот на кросното. Воведувањето било сложена работа, па затоа секогаш го изведувале две жени - едната ги прифаќала концитe протнати низ нитките и брдото а другата ги подавала внимавајќи да не прескокне некоја жица.

Краевите на основата, исто како и кај навивањето, се прицврстувале за стапче кое, пак се воведувало во жлебот на предното кросно.



*сл. 5. ткаење на разбој*



*сл. 6. сновење на платно*

# Техника на ткаење

Исто како и во другите краеви на Македонија, ткаењето се изведувало на хоризонтален разбој но, во повеќе техники. Од воведувањето на концитe зависело дали ткаењето ќе било четворно (подебело и позбиено) или лито (потенко). При четворното ткаење, концитe се воведувале во четири нишки а се работело со четири подношки. Таквото ткаење било многу позбиено и поцврсто. Лито ткаење било кога основата се воведувала во две нишки и се користеле две подношки. Литото ткаење почесто се применувало при изработката на платнените делови од носијата, а се изведувале со:

- **совалка** - при што се изработувале еднобојни или шарени ткаенини со пруги и полиња.
- **со прсти** - јатокот се протнувал меѓу одреден број нитки на основата само со прсти.
- **на штичка** - се изведувал со префрлање на јатокот меѓу нитките на основата во зевот, кој се отворал со помош на штицата (што била вдената меѓу нитите на основата) на одреден начин што одговарало на мотивот кој сака да го исткае.
- **чкрипење** - каде се префлало по една жица од јатокот меѓу еднобојните нитки на основата и на тој начин се правеле нежни, ситни шарки на еднобојна ткаенина.
- **Вадено на игла**- на древни игли се намотувала преѓата а потоа со совалка се провира преку една нишка на ткаенината.



katalog4.indd 6-7 10/29/2015 6:45:25 AM

# Видови ткаеници

## 1. Скутини-пешкир

На територијата на Македонија и пошироко на Балканскиот Полуостров, пешкирот (скутината) била составен дел од облеката уште од предсловенскиот период. Под влијание на многубројните историски, економски и општествени услови, пешкирот (скутината) кај словенските народи се развивала по сопствен пат, при што добила посебен белег како во употребата на материјалот, во начинот на изработка, така и во украсувањето и носењето. Таа бил составен дел од женската носија но, составен дел и во овчеполската машка носија. Како старо традиционално текстилно творештво се задржала во домашно производство. Скутините се ткаеле од волнена преѓа и памучен јаток, составени од две дипли, но понекогаш биле правени и од памучно платно. Прав пешкир е еден од двата вида на пешкири во Овчеполието во кој диплите се спојувани вертикално а и шарките биле прави.

Другиот вид бил упреку пешкир со краишта каде диплите биле спојувани хоризонтално а на краевите се украсени со ситни шари.

Младите невести во периодот на невестинството носеле по два пешкира (еден врз друг). Прво ја носеле “упреко пешкир” па над неа “прав пешкир”со тоа што едниот крај се подигал нагоре и се заденувал на половината. Скутините најчесто биле ткаени во црна и алова (црвена ) боја со вметнати пругасти шарки а на караевите ставале ситни орнаменти геометриски и растителни мотиви и цик-цак линии. Скутините со потемни бои ги носеле постарите жени додека оние со посветли црвени бои гиноселе младите жени.



*Орнамент од инв.бр. 933*







*Инв.бр. 1581*



*Инв.бр. 931*





*Инв.бр. 1580*



*Упреко пешкир*

katalog4.indd 8-9
10/29/2015 6:46:03 AM



Инв.бр. 1109



Инв.бр. 1521



Инв.бр. 932

прав пешкир



Во малешевскиот крај, скутините кои уште се нарекуваат фути, се исткаени во две дипли и се нешто подолги од останатите. Овие се истакнуваат по тоа што основни се потемните бои додека посветлите се користеле за прошарување. Скутините со посветли бои ги носеле младите жени и невести. Карактеристично за ткаењето на овој вид скутини- фути било тоа што двете дипли се ткаеле со иста димензија и орнамент. шарата се повторувала еднакво, па при нивното спојување се вртеле една кон друга, при што шарите прават квадрат.



Инв.бр. 1093



Инв.бр. 1099



katalog4.indd 10-11

10/29/2015 6:46:39 AM

Машките Овчеполски скутини биле едноставни. Исткаени се од волнена преѓа во црна и бела боја со прави шарки. Нејзината намена во машката носија била практична зашто се носела како работна облека за во поле или околу стоката.



*Машки пешкир (вута) инв.бр  1566*



*Орнамент од инв.бр  1566*



*Инв.бр.  1524*

## јуручки женски пешкир



*Инв.бр.  1312*



*Инв.бр.  1302*

## Влашки пешкири



## 2.1.  Појаси, ѕуници

Важен и составен дел и на машката и на женската носија е **појасот**. Тој е ткаен од волнена преѓа а неговата должина е поголема кај машките појаси и изнесува три до пет метри и ширина десет до триесет сантиметри.

Машките појаси имале вткаени шарки по целата должина но имале и комбинација на прави шарки и во ширина, а на краевите, скоро секогаш, завршувале со реси. Најчесто се разликувале по бојата по што многу од нив и го добиле името - алов појас, црн појас, зејтинлија појас, кавелија појас итн.



*Инв.бр.  841*



*Инв.бр.  842*



*Инв.бр.  839*





katalog4.indd   12-13
10/29/2015   6:47:04 AM

Женските волнени појаси се нешто пократки по должина (два до три метри), а ширината  достигнувала до десет, дванаесет сантиметри.



Инв.бр.  155



Орнаменти од инв.бр. 155



Инв.бр.  884



Орнамент од инв.бр. 884





Инв.бр.  882



Орнамент од инв.бр. 882



Инв.бр.  883



Орнамент од инв.бр. 883



katalog4.indd  14-15
10/29/2015  6:47:21 AM



## 2.2. Ѕуници

Ѕуниците се карактеристични женски појасчиња на кои должината достигнува до три метри а ширината пет - шест сантиметри. Како и останатите, и овие појаси се ткаени на разбој но се набивани со дрвен нож - бијач, специјално направен за вакво ткаење. Поради малата ширина на појасите, и шарите се многу ситни.





*Инв.бр. 152*



*Инв.бр. 319*



*Инв.бр. 153*



*Инв.бр. 151*



*Инв.бр. 321*



katalog4.indd 16-17
10/29/2015 6:47:41 AM



## 3. Торби

Еден од најнеопходните предмети во животот на човекот, особено на сточарот, била торбата. Таа служела за секакава употреба па поради тоа во секое домаќинство се среќавале и по неколку вида на торби. Најупотребувани, секојдневни и поголеми биле за носење леб на планина, на нива и за на пазар.

Помалите торби (торбе, ќесе, сакуле) биле употребувани за носење книги во училиште на децата и за канење за на свадба кои, пак, биле украсувани.

Торбите се ткаеле од една дипла (едно платно), превиткано на половина и сошиено по рабовите. Мерката за големина на торбата се одредувала однапред уште при ткаењето за да биде лична -убава. Страните ги составувале со ивичен раб наречен чикме, од разнобојна волнена преѓа- најчесто од онаа од која е исткаена торбата и се плетела со игла за плетење чорапи.

Отворот на торбите можел да биде едноставен прав раб или малку подвиткан навнатре. Секоја торба имала исплетени врвки (врзалки) за носење на рамо, во рака или за закачување на самарот на коњот. Таа се плетела на рака од три, четири или пет краја во вид на плетенка и во разни бои.

Орнаментите на торбите најчесто биле прави шарки со повторување на линиите или полињата, потесни или пошироки. Вакви торби најчесто се користеле за секојдневна употреба. Во Овчеполието се среќаваат поголеми торби четворно ткаени во црвена основа со геометриски орнаменти во вид на ромбови еден во друг, со различни бои или по еден поголем од двете страни на торбата.



*Орнамент од инв.бр. 822*





*Инв.бр. 827*



*Инв.бр. 829*



*Инв.бр. 826*



*Инв.бр. 825*

*Торби за секојдневна употреба*



katalog4.indd 18-19
10/29/2015 6:48:11 AM





Инв.бр. 821





Инв.бр. 137





Инв.бр. 138

## торбички за носење книги за во училиште





Инв.бр. 824



Инв.бр. 822

## торби со обредна функција



## 4. Перници - зглавници

Освен секојдневна и празнична функција, перниците имале и обредна фукнција. Секојдневните служеле за спиење наполнети со слама или сено а празничните го дополнувале изгледот на креветот или миндерот за седење покриен со ирам. Обредната функција на перницата си нашла место во сите животни циклуси на човекот - раѓање, свадба и смрт.

Перниците биле изработувани од момите, при што, дел од нив подарувале на свадбата а дел ги користеле во натамошниот живот. Тие се ткаеле четворно или лито, од разнобојна волнена преѓа со помош на совалка. Најчесто, изработени со памучна основа и волнен јаток, имале правоаголна форма а нивната големина достигнувала осумдесет до сто сантиметри во должина и четириесет сантиметри во ширина. При ткаењето се користеле и други техники за нивно орнаментирање. Така, при техниката “со прсти” се вршело спровирање на преѓата само со прстите, додека при техниката “со штичка” се добивале орнаменти кои изгледале како да се везени.

Уште една техника на ткаење перници, позастапена во источниот дел на Македонија била “вадено на игла”. Орнаментите кај овој вид перници наречени уште и крстајлии, се изведувале на јатокот. Се правеле со древни игли на кои се намотувала преѓата во вид на спирала а потоа со совалка се провирала преку една нишка на ткаенината и набивала-”се стега” со три, четири удирања на совалката. Потоа, дрвената игла се вадела и повторно се намотувала (се макне). Кај овој вид перници, орнаментиката била поразновидна, па освен геометриски се среќавале и стилизирани растителни ораменти. Токму со таквиот декоративен изглед тие биле вброени како поубави и се користеле само во празнични денови.





Инв.бр. 1145



katalog4.indd 20-21
10/29/2015 6:48:50 AM



*Инв.бр. 1147*



*Инв.бр. 1149*



*Инв.бр. 1143*





*Инв.бр. 1146 (вадено со игла)*





*Инв.бр. 115*



katalog4.indd 22-23 10/29/2015 6:49:48 AM



*Орнаменти од инв.бр. 1177*



*Инв.бр.  1177*





*Орнамент од инв.бр. 1175*

## 5.1. Килими

Во средниот век населението на Балканот употребувало повеќе видови покривачи изработени од волна. Таквите ткаеници имале практична функција, служеле како покривки и наметки. Токму, заради нивната практичност, се изработувале и користеле сé до педесеттите години на дваесеттиот век.

Во Македонија килимите се појавиле како предмети донесени од надвор. Името на предметот кај нас се поврзува со турскиот збор килим со кој се нарекувала секоја ткаеница што служела за покривање подови, ѕидови и кревети а била исткаена на разбој.

Килимот имал важна улога во општествениот живот и бил најзначаен во чеизот на невестата. Во овие краеви, килимите биле ткаени најчесто во полиња (црно и црвено) но подоцна и по углед на соседните области Кочани, Радовиш, Берово (кои пак се ткаеле по пример на Ќустендилските) што ни дава до знаење дека орнаментите при ткаењето се менувале во зависност од местото и умешноста на жената-ткајачка.

Во Штип една од најпознатите ткајачки била Николина Кожухарова, таа ткаела по нарачка (каква шара ќе посакале таква ја правела).

Честопати килимот бил подаруван на црквите за здравје на живите или во спомен на мртвите. Во минатото се користел и за погребните обичаи (жените обично чувале два исти килима со кои ќе биле погребани брачните другари).

Килимите биле ткаени од жените за домашни потреби и прво се употребувале во градските средини од турското а подоцна и од христијанското население. Подоцна почнало да се употребува и кај селското население, не само за покривање туку и за постилање на подот. Тие се делат на два типа: за покривање кревети исткаени од две дипли (килими-ирами) и за постилање на подот во собите исткаени од три или четири дипли. Биле ткаени на хоризонтален разбој во црна памучна основа додека јатокот најчесто е црна и црвена волнена преѓа, но и во онолку бои колку што има и шари.



*Орнамент од инв.бр. 1172*



katalog4.indd 24-25 10/29/2015 6:50:04 AM

# Килими за постилање на под





Инв.бр. 1172



Инв.бр. 1176



Инв.бр. 1723



# Килим - ирам за постилање на кревет





Инв.бр. 1170





Инв.бр. 1168



katalog4.indd 26-27
10/29/2015 6:51:07 AM

## 5.2. Черги (дипли)

За постилање на подот во собите скоро до седумдесеттите години на дваесеттиот век се користеле черги (дипли). Тоа биле ткаеници направени од една дипла, па за да се покрие подот биле потребни три, четири черги, долги по четири метри а широки од седумдесет до сто сантиметри. Чергите се ткаеле на памучна основа со волнен јаток со прави шарки (линии, полиња), најчесто во црвената боја и нејзините нијанси (потемна и посветла) но се користеле и нијанси на зелена, темно сина и др. Освен од волна, биле изработувани и друг вид на черги парталави черги, исткаени на памучна основа но како јаток биле користени партали - исечени материјали од стара облека (во ленти) или остатоци од текстил, со што нивната шареноликост се истакнувала.



*Инв.бр. 1724*



*Инв.бр. 1725*



*Ткаење черга од партали (парталава)*



## 6. Простирки (бисаѓи, чул, зобник)

Како занетчиска мутавџиска изработка се ткаениците од козина. Мутафите биле многу цврста но и груба ткаеница со правоаголна форма и имаат линиско украсување по вертикала. Нивната намена, освен како простирка, се користеле за покривање на коњот (чул), за носење товар закачена на самарот (дисаѓи,бисази) и торба во која се ставала храна за стоката (зобник).



*Инв.бр. 1160*



*Инв.бр. 1159*



*Инв.бр. 1157*




*сл. 7. Мутав* - ткаеница од козјо влакно



katalog4.indd 28-29
10/29/2015 6:52:04 AM

## 7. Детски ткаеници

Цадилки се посебен вид ткаеници кои се употребуваат за носење на малите деца на грб или за носење јадење на нива. Тие биле направени од едно или две платна најчесто од бела волна и имале правоаголна форма. Наоколу биле опточени со плетени врвки па можела да послужи и како лулка. За покривање во лулката, исто така, биле ткаени детски покривки со помали димензии.



*Инв.бр. 895*





*Инв.бр. 1156*





## 8. Крпи -бришалки

Дел од текстилната покуќнина и задолжителен елемент во секојдневниот живот, биле крпите. Исткаени на разбој од памучно платно, од една дипла со должина до еден метар и ширина околу триесет сантиметри имале правоаголна форма. Краевите на крпите биле богато орнаментирани со разновидни памучни и свилени конци со геометриски и растителни мотиви. Иако поретко, но кај некои крпи се среќаваат и мотиви на предмети (ибричиња) па и човечки фигури (девојчиња). Крпите - бришалки, на работ на двата потесни краја, биле посебно украсувани и оплетувани со сорки (тантели, оји). Карактеристично и посебно интересно за овчеполието е тоа што мажите, исто така, се украсувале и носеле повеќе вакви крпи - при работа и во празничните денови заденати две во појасот, една на вратот и една на главата. Во деновите на свадба, крпите-бришалки ги носеле како украс по џебовите. Жените ваквите крпи ги носеле заденати во појасот, но едниот крај секогаш бил пуштен слободно над скутината.

***Сорки*** - ситно исплетени тантели од повеќе различни по боја конци



*Инв.бр. 111*



katalog4.indd 30-31 10/29/2015 6:52:38 AM



*Инв.бр.  102*



*Инв.бр.  105*



*Инв.бр. 88*



*Инв.бр.  89*



*Орамет од инв.бр. 89*





*Инв.бр.  86*



*Инв.бр.  101*



*Инв.бр.  108*



*Инв.бр.  95*



*Орнамент од инв.бр.  105*



katalog4.indd   32-33
10/29/2015   6:53:21 AM



*Орнамет од инв.бр. 667*





*Инв.бр.  97*



*Орнамент од инв.бр. 95*





*Орнамет од инв.бр. 888*



katalog4.indd   34-35
10/29/2015   6:53:37 AM















сл. 8. (а, б, в, г, д)







# Каталошки единици:

## 1. Скутини-Пешкири

1. Пешкир, "упреко"
Волна, ткаење со совалка и штичка
Две дипли
Шир. 88 см, дол. 72 см
20 век, с.Немањици, О. Поле
Инв.бр. 1581

2. Пешкир, "упреко"
Волна, ткаење со совалка
Две дипли
Шир. 90 см, дол. 74 см
20 век, с.Кадрифаково, О. Поле
Инв.бр. 931

3. Пешкир, "упреко"
Волна, ткаење со совалка
Две дипли
Шир. 88 см, дол. 65 см
20 век, с.Мечкуевци, О. Поле
Инв.бр. 1580

4. Пешкир, "прав"
Волна, ткаење со совалка
Две дипли
Шир. 52 см, дол. 70 см
20 век, с.Лакавица, Штип
Инв.бр. 1109

5. Пешкир, "прав"
Волна, ткаење со совалка
Две дипли
Шир. 60 см, дол. 72 см
20 век, с.Мустафино, О. Поле
Инв.бр. 932

6. Пешкир, "прав"
Волна, ткаење со совалка
Две дипли
Шир. 53 см, дол. 71 см
20 век, с.Лакавица, Штип
Инв.бр. 1521

7. Пешкир, "вута" (машки)
Волна, ткаење со совалка и штичка
Две дипли
Шир. 65 см, дол. 76 см
20 век, с.Немањици, О. Поле
Инв.бр. 1566

8. Пешкир, "фута"
Волна, ткаење со совалка
Две дипли, оплет со сорки
Шир. 92 см, дол. 78 см
20 век, Берово
Инв.бр. 1093

9. Пешкир,"фута"
Волна, ткаење со совалка
Две дипли
Шир. 90 см, дол. 75 см
20 век, с.Русиново
Инв.бр. 1099

10. Пешкир
Волна, ткаење со совалка и штицка
Две дипли
Шир. 78 см, дол. 82 см
20 век, с.Софилари, Штип, Власи
Инв.бр. 1312

11. Пешкир
Волна, срма, ткаење со совалка
Две дипли
Шир. 76 см, дол. 80 см
20 век, с.Софилари, Штип, Власи
Инв.бр. 1302

12. Пешкир
Памук, ткаење
Две дипли
Шир. 42 см, дол. 63 см
20 век, с.Калаузлија, Штипско, јуруци
Инв.бр. 1524

## 2. Појаси

13. Појас, алов(машки)
Волна, ткаење со совалка
Шир. 29 см, дол. 340 см
20 век, с.Мустафино
Инв.бр. 841

14. Појас, црн(машки)
Волна, ткаење со совалка
Шир. 27 см, дол. 580 см
20 век, О.Поле
Инв.бр. 842

15. Појас, зејтинлија(машки)
Волна, ткаење со совалка
Шир. 23 см, дол. 520 см
20 век, с.Кадрифаково, О.Поле
Инв.бр. 839

16. Појас, (женски)
Волна, ткаење со совалка
Шир. 10,5 см, дол. 270 см
20 век, с.Тополовик, Кратово
Инв.бр. 155

17. Појас, (женски)
Волна, конон, ткаење со совалка
Шир. 11 см, дол. 300 см
20 век, Куманово
Инв.бр. 884

18. Појас, (женски)
Волна, конон, ткаење со совалка
Шир. 12 см, дол. 170 см
20 век, с.Конче, Радовиш
Инв.бр. 882

19. Појас, (женски)
Волна, конон, ткаење со совалка
Шир. 10,5 см, дол. 220 см.
20 век, с.Конче, Радовиш
Инв.бр. 883

20. Појас-суничка(женски)
Волна, ткаење
Шир. 196 см, дол. 3 см
20 век, Св. Николе
Инв.бр. 153

21. Појас-суничка(женски)
Волна, ткаење
Шир. 160 см. дол. 4,5 см
20 век , с.Немањици, Св. Николе
Инв.бр. 151

22. Појас-суничка(женски)
Волна, ткаење
Шир. 240 см, дол. 3,5 см
20 век, с.Немањици, Св. Николе
Инв.бр. 152

23. Појас-суничка(женски)
Волна, ткаење
Шир. 4 см, дол. 184 см
20 век, Штип
Инв.бр. 319

24. Појас-суничка(женски)
Волна, ткаење
Шир. 3 см, дол. 206 см
20 век, с.Мустафино
Инв.бр. 321

25. Појас, ќемер
Волна, ткаење
Шир. 7,5 см, дол. 150 см
20 век, Штип
Инв.бр, 157

## 3. Торби

26. Торба, за секојдневна употреба
Волна, ткаење со совалка
Шир. 45 см, дол. 54 см
20 век, О.Поле
Инв.бр. 826

27. Торба, за секојдневна употреба
Волна, ткаење со совалка
Шир. 50 см, дол. 50 см
20 век, с.Мустафино
Инв.бр. 829

28. Торба, за секојдневна употреба
Волна, ткаење со совалка
Шир. 50 см, дол. 45 см
20 век, Штип
Инв.бр. 827

29. Торба, за секојдневна употреба
Волна, ткаење со совалка
Шир. 55 см, дол. 48 см.
20 век, Радовиш
Инв.бр. 825

30. Торба, за канење
Волна, ткаење со совалка
Шир. 42 см, дол. 45 см
20 век, с.Мечкуевци
Инв.бр. 824

31. Торба, за канење
Волна, ткаење со совалка и штичка
Шир. 33 см, дол. 33 см
20 век, Радовиш
Инв.бр. 821

32. Торбе, ќесе, За во училиште
Волна, ткаење со совалка
Шир. 33 см, дол. 33 см
20 век, Делчево
Инв.бр. 138



katalog4.indd 36-37
10/29/2015 6:53:48 AM

33. Торбе, ќесе, За во училиште
Волна, ткаење со совалка
Шир. 33 см, дол. 33 см.
20 век, Берово
Инв.бр. 822

34. Торба, за секојдневна употреба
Волна, ткаење со совалка
Шир. 54 см, дол. 48 см.
20 век, Делчево
Инв.бр. 137

### 4. Перници

35. Перница, зглавница
Волна, ткаење со совалка и штичка
Шир. 34 см, дол. 100 см
20 век, Штип
Инв.бр. 115

36. Перница, зглавница, “крстајлија”
Волна, ткаење со совалка, вадено на игла
Шир. 33 см, дол. 105 см.
20 век, Делчево
Инв.бр. 1146

37. Перница, зглавница, “крстајлија”
Волна,ткаење со совалка, вадено на игла
Шир. 34 см, дол. 96 см
20 век, Берово
Инв.бр. 1149

38. Перница, зглавница, “крстајлија”
Волна, ткаење со совалка и штичка
Шир. 31 см, дол. 58 см.
20 век, Делчево
Инв.бр. 1147

39. Перница, зглавница
Волна, ткаење со совалка и штичка
Шир. 37 см, дол. 110 см
20 век, Штип
Инв.бр. 1143

40. Перница, зглавница
Волна, ткаење со совалка и штичка
Шир. 35 см, дол. 100 см
20 век, Штип
Инв.бр. 1145

### 5. Килими

41. Килим, за постилање на под
Памук, волна, ткаење со совалка
Четири дипли
Шир. 296 см, дол. 380 см
20 век, Штип
Инв.бр. 1177

42. Килим, за постилање на под
Памук, волна, ткаење со совалка
Три дипли
Шир. 296 см, дол. 380 см
20 век, Штип
Инв.бр. 1172

43. Килим, за постилање на под
Памук, волна, ткаење со совалка
Три дипли
Шир. 246 см, дол. 325 см.
20 век, Штип
Инв.бр. 1176

44. Килим, за постилање на под
Памук, волна, ткаење со совалка
Четири дипли
Шир. 254 см, дол. 300 см.
20 век, Штип
Инв.бр. 1723

45. Килим, ирам за постилање на кревет
Памук, волна, ткаење со совалка и штичка
Две дипли
Шир. 126 см, дол. 220 см
20 век, Берово
Инв.бр. 1170

46. Килим, ирам за постилање на кревет
Памук, волна, ткаење со совалка и штичка,
Две дипли,
Шир. 106 см, дол. 215 см
20 век, Делчево
Инв.бр. 1168

47. Дипла, черга за постилање на под
Памук, волна, ткаење со совалка
Една дипла,
Шир. 71 см, дол. 340 см
20 век, Штип
Инв.бр. 1724

48. Дипла, черга за постилање на под
Памук, волна, ткаење со совалка
Една дипла
Шир. 80 см, дол. 300 см
20 век, Штип
Инв.бр. 1725

### 6. Простирки (мутафи)

49. Бисази
Козјо влакно(козина), ткаење
Шир. 50 см, дол. 140 см.
20 век, с.Софилари, Штип
Инв.бр. 1157

50. Бисази
Волна, ткаење
Шир. 49 см, дол. 144 см.
20 век, Штип
Инв.бр. 1160

51. Зобник
Козјо влакно
Шир. 43 см, дол. 41 см
20 век, Штип
Инв.бр. 1159

### 7. Детски ткаеници

52. Пелена, за покривање дете
Волна, ткаење со совалка
Шир. 62 см, дол. 220 см
20 век, с.Софилари, Штип, Власи
Инв.бр. 1156

53. Цадилка, за носење деца на грб
Волна, четворно ткаење со совалка, без орнаменти
Шир. 63 см, дол. 50 см.
20 век, Берово
Инв.бр. 895

54. Повој,
Памук, ткаење, вез, орнамент сончогледи
шир. 5 см, дол. 265 см
20 век, Штип
Инв.бр. 148

### 8. Крпи

55. Крпа-бришалка
Памук, ткаење со совалка и штичка, оплет со сорки
Шир. 28 см, дол. 70 см
20 век, Штип
Инв.бр. 111

56. Крпа-бришалка
Памук, ткаење со совалка и штичка, оплет со сорки
Шир. 40 см, дол. 100 см
20 век, Штип
Инв.бр. 102

57. Крпа-бришалка
Памук, ткаење со совалка и штичка
Шир. 26 см, дол. 85 см
20 век, Делчево
Инв.бр. 105

58. Крпа-бришалка
Памук, свила со совалка и штичка, оплет со памучна чипка
Шир. 34 см, дол. 72 см
20 век, с.Конче,Р адовиш
Инв.бр 89

59. Крпа-бришалка
Памук, свила, ткаење со совалка, оплет со памучна чипка
Шир. 34см, дол. 80 см
20 век, с.Конче, Радовиш
Инв.бр. 88

60. Крпа-бришалка
Памук, ткаење со совалка и штичка, оплет со сорки
Ши. 40 см, дол. 100 см
20 век, Штип
Инв.бр. 86

61. Крпа-бришалка
Памук, ткаење со совалка, оплет со сорки
Шир. 29 см, дол. 90 см
20 век, Делчево
Инв.бр. 108

62. Крпа-бришалка
Памук, ткаење со совалка, оплет со сорки и монистра
Шир. 28 см, дол. 76 см
20 век, Штип
Инв.бр. 97

63. Крпа-бришалка
Памук, ткаење со совалка
Шир. 34 см, дол. 80 см
20 век, Штип, ”Св. Богородица”
Инв.бр. 101

64. Крпа-бришалка
Памук, ткаење со совалка и штичка, оплет со памучна чипка
Шир. 36 см, дол. 120 см
20 век, Штип
Инв.бр 95




SUMMARY

Woven items are part of the rich folklore, created by the industrious hands of our grandmothers, mothers and girls who were weaving on a loom during winter days. Depending on their needs and the raw material they had, women were weaving with wool, cotton, silk and goat’s wool. Weaving, as a technological process, was present till the fifties of the twentieth century and it was considered as an important, complex and laborious women’s work. At the beginning, clothing items were woven, and various coverings and carpets later.
Initially, the woven items were simple, but over time items with patterns appeared – patterns with colourful squares, or patters with geometric and floral ornaments. These items were mostly intended as a girl’s dowry or as a home decoration.
What appears as a finished product demanded long preparations. The first thing was sheep shearing during the spring, and then cleaning and washing the wool. Then, the wool was carded and reeled in on a distaff, and after that, threads were dragged and made, wrapped on a spindle. After this, the spindle was taken to dyeing. In the past, dyeing of the wool, as a part of the process, was performed with natural resources only, and later industrial paints started being also used. Wrapping and winding the yarn on the loom are another part of the weaving preparation and even then, the weaving begins.
This catalogue presents items that are parts of the national costume (aprons, belts, towels) and items that are accessories to the costume as well (bags, cadilki – kind of woven baby carriers). It also presents woolen items that were used for furnishing the house (pillows, carpets, rugs).
These items are ethnological material that has been collected and carefully kept in the museum in Stip for more than 60 years. Exposing of this part of the material culture and folklore of women from Ovce Pole, Malesevo and Pijanec will bring back memories for the older generation, at least for a moment, and hopefully, it will offer an inducement to the younger generation not to forget this type of cultural heritage.


Користена литература


-З.Делиниколова -Народните ткаеници во Малешево ”Зборник на штипскиот народен Музеј 3”, Штип, 1964
-А.Крстева -Антропоморфните мотиви на македонските килими ”Македонски фолклор 38”, Скопје, 1986
-Д.Георгиевски -Каталог од изложба ”Перниците во Кратовскиот крај” Музеј на град Кратово, Кратово, 2009
-Ј.Назим -Зооморфните мотиви на македонските килими, Македонски фолклор 38, Скопје, 1986
-Ј.Назим -Особеностите на охридските килими од 19. век, Етнолог 2, Музеј на Македонија, Скопје. 1992
-Ј.Назим -Употребата на килимот во Македонија,Етнолог 2, Музеј на Македонија, Скопје 2002
-Ф.Трајковска -Народната торба во Македонија, Зборник етнологија 2, Музеј на Македонија, Скопје, 2002
-Ф.Трајковска -Детски ткаеници, Зборник етнологија 3, Музеј на Македонија, Скопје, 2005
-Г.Здравев -Мотивот лоза во македонската народна орнаментика, Македонски фолклор 23, Скопје, 1979
-Г.Здравев -За трите симболи во македонската народна орнаментика, Македонски.фолклор 7-8, Скопје, 1971
-Г.Здравев -Мотивот”S” во македонската народна орнаментика, Македонски. фолклор 23, Скопје, 1980
-В.Јаневски -Монографија Народната носија во Овче Поле, ЗЗСКМ ,Штип, 2012
-А.Качева -Кон проучувањата на ткаенините во домаќинството и врзаните со нив стопански активности во Скопскиот регион, Зборник етнологија 1, Музеј. на Македонија, Скопје, 1992
-А.Матковски -Македонија во делата на странските патеписци
-Ј.Назим -Валани волнени ткаенини на Власите сточари во североисточна Македонија, Зборник етнологија 1, Скопје, 1992
-сл. 1. разбој, стр. 3,
-сл. 2. Стрижење на овци, стр. 4, http://www.historynotes.info/wp-content/uploads/2013/06/sheep-shearers.jpg
-сл. 3. Ножица за стрижење овци, стр. 4, http://www.laurelleaffarm.com/item-photos/vintage-hand-shearing-sheep-shears-marked-Wilkinson-forged-steel-blades-Laurel-Leaf-Farm-item-no-u1010219-4.jpg
-сл. 4. Боење на волнена преѓа,стр. 6, http://pioneerthinking.com/crafts/files/2012/02/dyes1.jpg
-сл. 5. Ткаење на разбој, стр. 7, http://www.panacomp.net/srbija?mesto=srbija_muzej%20ponisavlja
-сл. 6. Сновење на платно, стр. 7, http://www.oldprilep.com/wp-content/uploads/2013/03/nn01-25.jpg
-сл. 7. Мутав - ткаеница од козјо влакно, стр. 29,
-сл. 8. (а, б, в, г, д), стр. 36, слики од фотосесија со студенти од М.А. оддел за Етнокореографија




katalog4.indd 38-39
10/29/2015 6:53:50 AM

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ШТИП

**Бети Иванова**
Ткаеници
**За издавачот**
Зоран Читкушев
**Лектор**
Делчо Везенковски
**Превод на англиски**
Милена Цветкова
**Фотографии**
Киро Спасов
**Компјутерска обработка и дизајн**
Билјана Веселинова
**Тираж**
300 примероци
**Печат**
Европа 92 - Кочани

***Публикацијата е печатена со целосна подршка од Министерството за култура на Република Македонија***

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје
677.024:39(497.7)
ИВАНОВА, Бети
Ткаеници / Бети Иванова ; [превод на англиски Милена Цветкова; фотографии Киро Спасов; компјутерска обработка и дизајн Билјана Веселинова]. - Штип : НУ Завод за заштита на спомениците и културата и Музеј, 2015. - 40 стр. : фотографии ; 22,5 cm x 27 cm
Фусноти кон текстот
ISBN 978-608-65636-5-3
а) Народна традиција - Ткаење - Македонија б) Обработка на волна - Етнографија - Македонија в) Занаети
COBISS.MK-ID 99455754



katalog4.indd 40 10/29/2015 6:53:52 AM